Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 66, 15 септември 2011 година

септември 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања на наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 8

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно - научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 15

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации и МАС-медиуми на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 18

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници - помлади асистенти / асистенти за научното подрачје правни науки (еден соработник помлад асистент/асистент за научната област римско право и еден соработник помлад асистент/ асистент за научната област казнено право) на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 25

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во научната област социологија на политиката на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден доцент за наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 45

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистенти од областа транспортна механизација на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 50

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област македонистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 52

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Девизен систем и девизно работење“ (скрипта) од авторот доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Монетарна економија“ (скрипта) од авторот доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 61

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Анимација во туризмот” од д-р златко јаковлев, по предметот анимации во туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ДЕВИЗЕН СИСТЕМ И ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ“ (СКРИПТА) ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р КРСТЕ ШАЈНОСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 1702 – 173/7 од 14. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 10.8.2011 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Ристо Фотов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
– доц. д-р Виолета Маџова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис со наслов „***Девизен систем и девизно работење“ од авторот доц. д-р Крсте Шајноски наменет за студентите од прв циклус студии*** на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Општи податоци за ракописот***

Скриптата „**Девизен систем и девизно работење**“ од доц. д-р **Крсте Шајноски** е благороден обид материјата од предметот Девизен систем и девизно работење да ја прикаже пореално и покомплексно, отколку што тоа се прави преку запознавање на институциите и инструментите на девизниот систем, независно од условите во кои тие се појавиле и развиле. Бројните факти и информации во врска со девизите и девизното работење не се доволни да се сфати суштината на девизниот систем, доколку недостасуваат разгледувања на причинско-последичните односи во областа на интервалутарните односи во светот и нивното влијание врз националните економии. Не е доволно да се научи дека има фиксни и флуктуирачки курсеви, ако не се разбере зошто фиксните курсеви (вклучувајќи ги и фиксните но приспособливи курсеви во Бретонвудскиот систем), кои функционираа подолг период, се напуштија и се премина на флуктуирачки курсеви? Кои се проблемите и последиците од таквиот пресврт? Колку таквата промена има влијаное во актуелните глобални нерамнотежи? (појава на дефицитни и суфицитни земји во надворешно-трговските и тековните биланси) итн.

Во предговорот, авторот со право укажува дека е неприфатливо тоа што студентите на економските факултети дипломираат само со научување на техничка дефиниција за еден од суштествените институти на меѓународниот монетарен и финансиски систем, во чија основа е регулирањето на меѓународните плаќања - валутната конвертибилност. Сите научуваат дека валутната конвертибилност е замена на една во други валути. Тоа е точно, но треба да се знае дека валутната конвертибилност не се исцрпува со техниката на конверзија. Од еволуцијата на валутната конвертибилност произлегува дека нејзините облици не се неутрални во економските збиднувања во светот. Таа е значајна стоко-парична категорија подложна и погодна за манипулирање и во националните стопанства и во светското стопанство. Појавата на „нови видови” конвертибилност, кои се објаснуваат со техниката на замена, ја замаглуваат економската суштина на поимот, т.е. потребата за мултилатерализација во меѓународните плаќања. Во овој контекст е незаобиколно и прашањето за создавање на светска валута, наспроти националните валути (на развиените економии) кои вршат функции на светски пари. Неоправдано е дипломираните студенти да не знаат дека денарот е деклариран како конвертибилен, да не знаат од кој тип е таквата

конвертибилност, какви се правата и обврските на стопанските субјекти и какви се последиците од одржувањето на конвертибилен статус на денарот. А во истовреме добиваат многу информации за мерките и инструментите со кои се ограничуваат и/или забрануваат меѓународните плаќања, како да се подготвуваме за изолација на националната економија од странските влијанија. Студентите треба да се подготват да го разберат односот меѓу времено потребните ограничувања и забрани во меѓународните плаќања во развојот на националната економија и либерализацијата декларирана со прифаќањето на обврските од членот 8 од Статутот на ММФ, односно од надворешната конвертибилност на денарот.

Споменатите проблеми имаат значајно влијание во конципирањето и изградувањето на девизниот систем во македонското стопанство. Тие ја детерминираат политиката во обласга на девизното работење, во таа смисла дали таа ќе се потпира врз девизни ограничувања или врз либерализација на плаќањата со странство (при што конвертибилниот статус на домашната валута претставува највисок степен на либерализација). Какви се последиците од едниот или другиот начин на регулирање на меѓународните плаќања во земјата, со оглед на тоа што Македонија е мала и недоволно развиена земја.

Скриптата е подготвена за потребите на студентите од Економски факултет, за студиската програма Меѓународна економија, застапена во V семестар, со неделен фонд на часови 6 (2+2+2).

***Податоци за обемот на ракописот***

Проблематиката која е предмет на обработка во скриптата е претставена во текст од вкупно 188 страници, каде се поместени и стотина релевантни библиографски единици, периодични списанија и интернет страници. Текстот во трудот е поткрепен со табели и графикони кои треба да помогнат во доближување и полесно претставување на материјата до студентите. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонд Ariel, големина на буквите 12. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Податоци за постоење на ист или сличен наслов***

Рецензентите имаат сознание дека веќе постојат книги и учебници со наслов „Девизна економија“, „Девизен систем“ или „Девизни курсеви“. Некои и се наведени во користената литература. Сите тие, повеќе или помалку, ја покриваат наставната материја од девизниот систем и девизното работење од определен аспект. Вредно е што авторот, користејќи и кажувања на други автори, се осврнува на еволуцијата на меѓународните плаќања како рамка во која макроекономските политики на одделни земји настојуваат да обезбедат системи на плаќања спрема странство (водејќи сметка за решенијата кои произлегуваат од начинот на регулирање на меѓународните монетарни и финансиски односи) кои, во определено време, најмногу им одговараат да ги остварат развојните цели на земјата. Добро е аргументирано дека, и покрај бројните нерегуларности во меѓународните економски односи, малите и недоволно развиени економии (каква што е и Македонија) треба да се стремат кон напуштање на девизните ограничувања и забрани во меѓународните плаќања. Во овој контекст, мошне интересна е елаборацијата на контрапродуктивноста на декларираната конвертибилност на денарот во 1998 година во услови на фиксен курс на денарот.

Ваквиот покомплексен пристап кон материјата од меѓународните плаќања, и покрај постоењето на исти или слични наслови, го оправдува одобрувањето на скриптата, а го обврзува авторот наскоро да ја оформи во учебник

***Краток опис на содржината***

Презентирањето на материјата од девизниот систем и девизното работење е направено во два дела од трудот. Во првиот се разгледува девизниот систем и девизната политика воопшто, а во вториот конкретно се презентира девизниот систем и девизното работење во Република Македонија. Со тоа се воспоставува солидна врска меѓу општото и конкретното и во голема мера се редуцира апстрактноста во презентирањето на материјата. Тоа е добра основа за нејзино полесно совладување од страна на студентите, а подоцна и за активна примена на стекнатите знаења.

Во првото поглавје од делот за девизниот систем и девизната политика воопшто се разгледуваат: Поимот и целите на девизниот систем и на девизната политика; прашањето за стабилноста на вредноста на парите; суштината на меѓународните плаќања и улогата на девизниот курс. Притоа, девизниот систем се разгледува како збир на законски прописи со кои се регулира, ограничува или забранува прометот на стоки и услуги со странство, стекнувањето и располагањето со девизи, како и на сите плаќања и наплатувања со странство. Станува збор за прописи, инструменти и мерки со чија помош државата ги регулира меѓународните плаќања, со намера да избегне ситуации на несолвентност на земјата, а притоа да обезбеди рационално вклучување на националното стопанство во меѓународната поделба на трудот, како основа за остварување на задоволителен одржлив развој. Не е проблем со примена на некои од споменатите мерки да се обезбеди уредно плаќање на обврските спрема странство. Меѓутоа, проблем е ако таквата цел се остварува само со ограничувања и забрани на увозот на стоки и услуги, со ограничувања и забрани за задолжување од странство, како и со ограничувања на определени плаќања спрема странство. На тој начин целта ќе се оствари, меѓутоа, нема сомнение дека ќе се ограничат развојните потенцијали на националното стопанство што зависат од увозот, од можноста за задолжување спрема странство и од можноста за извршување на определени плаќања во странство.

Со оглед на значењето на девизниот курс за функционирање на девизниот систем, акцентот е ставен на улогата на девизниот курс. Притоа се објаснува врската меѓу паритетот на куповната сила на парите (внатрешната вредност на националните валути) и девизниот курс; се дава графички приказ на движењето на девизните курсеви во зависност од начинот на формирањето на девизните куреви; се елаборираат предностите и слабостите на фиксните и флуктуирачките курсеви и се презентираат различни видови режими на девизен курс: Режим на валутна управа, режим на конвенционален девизен курс, режим на лизгачки паритети и режим на флуктуирачки девизни курсеви. Клучна е констатацијата дека девизниот курс во едно национално стопанство успешно би ја остварувал својата улога доколку е реален, рамнотежен и во подолг рок стабилен. Само како таков тој може да биде критериум за одвивање на меѓународните трансакции на одделна земја и нејзино рационално вклучување во меѓународната поделба на трудот. Како таков тој ги пренесува влијанијата од странските економии врз домашната економија и придонесува, односно изнудува рационално однесување на стопанските субјекти во земјата. Курсот на рамнотежа мора да ги исполни следниве три услови: 1) билансот на плаќање мора да остане во рамнотежа во текот на еден период меѓу пет и десет години, со тоа што при крајот на тој период не покаже никакви позначајни промени во монетарните резерви, 2) оваа рамнотежа во меѓународните плаќања треба да се постигне без прибегнување кон увозни ограничувања, 3) таа рамнотежа не смее да се постигне по цена на невработеност во земјата.

Во второто поглавје се расправа за суштината на валутната конвертибилност. Притоа се елаборира еволуцијата на валутната конвертибилност, се укажува на улогата на валутната конвертибилност во унапредувањето на меѓународните плаќања, се аргументира дека многу „видови" конвертибилност ја замаглуваат економската суштина на валутната конвертибилност и се упатува на потребата на валутната конвертибилност да се гледа како на неограничен мултилатерализам.

Авторот го афирмира ставот според кој институтот на валутната конвертибилност е иманентен на парите и на системите за плаќање, независно од тоа дали станува збор за металистички, врзани (кога вредноста на парите е врзана за вредноста на некој метал) или книжни, слободни, валути (кога вредноста на паричната единица не е врзана за ниеден објективен стандард, а формирањето на вредноста е препуштено на оние фактори кои врз неа влијаат со механизмот на понудата и побарувачката). Притоа, во системот на златното важење, во неговата класична форма, системот на плаќање, покрај домашниот имаше и меѓународен аспект. Одделните валути биле заменливи за злато и во земјава и во странство. Во овој контекст посебно се нагласува потребата за меѓународен систем со фиксни курсеви во меѓувалутните односи во светот. Стабилните девизни курсеви изнудуваат напори на сите земји т.е. на производителите во нив, за поголема продуктивност

на трудот и економичност во работењето заради обезбедување на конкурентност на светскиот пазар, додека можноста за девалвација на вредноста на националните валути претставува вентил за ублажување на внатрешните противречности на сите земји, особено на развиените, зашто, впрочем и системот беше кроен според нив. Суштината е во тоа што со приспособувањето на курсот се одлагаат неопходните зафати на домашната економска сцена во која особено се изострени противречностите меѓу трудот и капиталот во одделни земји. Притоа, јасно е дека стабилноста на курсевите не е причина за нив, туку само услов за стопанисување во кој противречностите доаѓаат до полн израз, а причината е начинот на распределба на доходот. Златното важење (со стабилните курсеви) функционираше додека противречностите се ублажуваа преку експлоатација на колониите (заради чија прераспределба всушност и дојде до Првата светска војна) или, пак, преку политиката на „осиромашување на соседите" по големата светска криза, односно со напуштање на фиксните и преоѓање на флуктуирачки курсеви во кризата од седумдесеттите години. Да ги спомeнеме и актуелните државни (непазарни) протекционистички интервенции во надминувањето на глобалната финансиска и економска криза под притисок на зголемување на стапката на невработеност.

Во третото поглавје се разгледува еволуцијата во меѓународните плаќања како значајна детерминанта на девизните системи и на девизното работење во националните економии. Се укажува на карактерот на девизното работење во услови на либерализација на меѓународните плаќања и во услови на девизни ограничувања. Пример за слобода на плаќањата е системот на златно важење. Со неговото напуштање (по Првата светска војна) се мултилатерализмот и настапи билатерализам во меѓународните плаќања, односно се разви практика на девизни ограничувања.

Во ентузијазмот за изградба на мир и просперитет во светот, по Втората светска војна, со конституирањето на Бретонвудскиот систем на меѓународни плаќања, се пристапи кон изградба на мултилатерален систем на меѓународни плаќања. Во расправите биле присутни два плана, навидум мошне слични, но со мошне различни консеквенци. Според Џ,М. Кејнс мултилатерализмот требало да се реализира преку издавањето на банкори (светски книжни пари) со вредност утврдена во злато, а во кои националните валути би ја утврдувале својата вредност преку фиксни курсеви. Американскиот план воспоставува континуитет со златното важење од типот на златнодевизен стандард со отворена можност (поради односот на економските, воените и политичките сили) за остварување на доминација на доларот во меѓународните плаќања. Конечната верзија на Бретонвудскиот систем беше на линија на остварување на американскиот план. Тоа се покажа по укинувањето на конвертибилноста на доларот за злато во 1971 година. Доларот и валутите на развиените економии се појавија во функција на меѓународно средство за плаќање, иако носат национални обележја, наспроти златото или други стоковни пари. Денес сме сведоци на слабостите на националните валути во функција на меѓународно средство за плаќање и на укажувањата на потребата мултилатерализацијата во меѓународните плаќања да се остварува во услови на функционирање на светска валута. Во овој контекст се разработуваат предлозите за враќање на златното важење, за емитирањето на светски книжни пари (како единствена валута) и за враќање кон предлогот на Кејнс-емисија на светски пари од типот стока-пари (против националните валути како светски пари). Клучна новина на системот е креирањето на посебни пари - банкори. Нивната вредност е изразена во злато (но, вредноста не била утврдена во планот). Валутите на земјите-членки својата вредност ја утврдуваат во однос на банкорот. Клирингшкиот сојуз на земјите-членки им отвора сметки во банкори. Овие пари служат за израмнување на меѓународните салда и треба да бидат универзално прифатени како еквивалент на злато. Централните банки на земјите-членки и нечленки имаат право да ги надополнуваат своите клирингшки сметки со плаќање во злато, но не можат да повлекуваат злато. Механизмот на функционирање обезбедува урамнотежување на размената, без појава на претерани дефицити и суфицити (проблем којшто денеска ги оптоварува односите меѓу суфицитните и дефицитните економии). Се воспоставува принцип на еднаква одговорност на земјите-должници и на земјите-доверители за одржувањето на рамнотежа во меѓународните плаќања. Се изнудува секоја земја да прифати својата валута да ја гледа во однос на банкорот како меѓународна

валута и менаџирањето со неа да го остварува согласно со дисциплината што ја наметнува една супранационална банка.

Со посебно внимание се разгледува и развојот на специјалните права на влечење, но поради напуштањето на врската со златото и на нив се гледа како на продолжување на „векот на траење“ на националните валути во функција на светски пари.

Мотивирачки за учење и погодно за разбирање на современите глобални текови е и разгледувањето на прашањето на глобализацијата и режимот на флуктуирачки курсеви, особено на можностите за чесно повлекување на доларот од функција на светски пари.

Во вториот дел на трудот се презентира проблематиката на девизниот систем и девизното работење во Република Македонија. Притоа, се укажува дека девизниот систем е важен сегмент на економскиот систем на земјата и се презентраат проблемите присутни во конципирањето на девизниот систем. Се укажува на принципите и на институциите во функционрањето на девизниот систем и во водењето на девизната политика во остварувањето на декларираната ориентација за создавање на отворено стопанство. Посебно се разработени процесот на либерализација на тековните и на капиталните трансакции и дострелот на декларираната надворешна конвертибилност во ситуација кога практично се спроведува како внатрешна конвертибилност на денарот.

Теоретските сознанија за значењето и улогата на девизниот курс воопшто, разгледувани во првиот дел од трудот, наоѓаат практична примена во разгледувањето на проблемот на проблемот на девизниот курс и политиката на стабилизација на Република Македонија. Притоа, со право се укажува дека стабилноста на цените и на курсот е претпоставка за остварување на здрав раст на националната економија. Меѓутоа, доколку тие не се реални неповолно се одразуваат врз развојот. Во оваа рамка се разгледува како влијае режимот на девизниот курс (фиксен или флуктуирачки) врз остварување на макроекономските цели, а дилемата за тоа кој е „подобар“ се разрешува со сознанието дека постои истовремена потреба од стабилен и реален девизен курс на денарот.

Во трудот значајно место му се придава на разгледувањето на декларираната конвертибилност на денарот во 1998 година во услови на одржување на фиксен курс на денарот (поради определбата за примена на монетарната стратегија на таргетирање на девизниот курс). Притоа аргументирано се укажува на контрапродуктивноста на таквата политика. Се постигна ценовна стабилност, но по цена на генерирање на нестабилност на подолг рок. Станува збор за стабилизација врз сметка на развојот, стабилизација која генерира нерамнотежа во економските односи со странство, а развојот се препушта на интересите на странскиот капитал.

Во овој контекст се презентираат и аргумените „за“ и „против“ промена на стратегијата на таргетирање на девизниот курс. Авторот се приклонува кон сфаќањата, според кои со одложувањето на неизбежното приспособување само се потхранува илузијата дека може да се живее над можностите кои ги создава стопанството, а всушност само се одлага плаќањето на сметката од таквата практика. Укажувањето на негативните ефекти од промената на курсот се нереални доколку не се земат предвид и ефектите од одложувањето на таквиот потез. Чисто душегрижништво е да се брани постојната нереална потрошувачка во земјата, а да не се води сметка за иднината, со оглед на последиците од неостварениот развој (заради дестимулирањето на извозно ориентираното стопанство) и за последиците од влошувањето на рамнотежата во економските односи со странство. Од овој аспект, земјата е подолго време во маѓепсан круг. Пробивот во остварувањето на преструктурирањето на стопанството со нагласена извозна ориентираност се очекува како основа за остварување на одржлив развој, а не може да се оствари доколку продолжи стратегијата за стабилизација со фиксен курс како номинално сидро на внатрешната стабилност (кој апресира, генерира високи каматни стапки и низок раст). Штетите ќе бидат неспоредливо поголеми доколку и понатаму се одлагаат неизбежните корекции на политиката на курсот. Зашто, со одлагањето се кочи извозната ориентација на фирмите (тековно и развојно), а се зацврстува стопанска структура на увозно зависна економија, толку зависна што може да се одржува само со зголемување на девизните дознаки од вработените во странство и со постојан пораст на странски директни инвестиции или долгови.

## З А К Л У Ч О К

Клучна новина и вредност на трудот на д-р Крсте Шајноски е во начинот на презентирањето на материјата од девизниот систем и девизната политика. Со него се надминува практиката на предавање на девизниот систем, како техника на обезбедување на средства за меѓународни плаќања, поврзувајќи ја со влијанијата на односите на силите во меѓународните економски и финансиски односи и со големината и степенот на развиеност на националните економии. Во крајна линија, девизниот систем, сепак, се сведува на начин на стекнување и распределба на средствата за плаќање во странство, меѓутоа, се запоставува дека од начинот (техниката) во голема мера зависи рационалноста во вклучувањето на националното стопанство во меѓународната поделба на трудот. Развиен систем на ограничувања и забрани времено е корисен за остварување на развојните цели на земјата, меѓутоа, ако таквите ограничувања се зголемуваат тоа неповолно се одразува врз ефикасноста на развојот. Малите земји треба да се стремат да остварат полиберални економски односи со странство, односно да воспостават и развиваат девизни режими со што помалку ограничувања и забрани. А тоа е израз на оспособеноста на стопанските субјекти да се носат со конкуренцијата од странство и на домашниот и на странските пазари.

Со ваквиот пристап во многу се олеснува совладувањето на „техниката“ во обезбедувањето на средства за меѓународни плаќања. Со разбирањето на нивната суштина се избегнуа опасноста да се инсистира на техники кои, често, но краткорочно гледано, се прифатливи, на пример, поради некаква праведност, но во суштина се контрапродуктивни од аспект на долгорочните интереси за рационално вклучување на националното стопанство во меѓународната поделба на трудот. Покрај научната издржаност во елаборацијата на материјата, авторот успеал преку јасно изразување и систематичност во презентирањето да ја приближи до студентите, бидејќи од нив се очекува да се ангажираат да дојдат до повисок степен на знаење и разбирање на проблематиката од девизниот систем и девизната политика.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Научно-наставниот совет на Економскиот факултет да му предложиме скриптата со наслов „Девизен систем и девизно работење” од доц. д-р Крсте Шајноски да ја одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ристо Фотов, вонреден професор, с.р**
**Д-р Виолета Маџова, доцент, с.р**